Јавно претпријатие
Ndërmarrja publike
ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО
PARQE DHE GJELBËRIME
Скопје, Република Северна Македонија
Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Број/Numër: 05-2769/2
Дата/Data: 22.12.25

ЈП ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО
NP PARQE DHE GJELBËRIME
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ • СКОПЈЕ NDËRMARRJA PUBLIKE • SHKUP

**Јавно претпријатие Паркови и зеленило – Скопје**

# Финансиски план
# на ЈП Паркови и зеленило
# за 2026 год.

**Скопје, Декември, 2025 год.**

Врз основа на член 30 ст.6 од Законот за јавните претпријатија (СВ. 38/96-89/22), член 26 и 30 од Статутот на ЈП Паркови и зеленило Скопје Директорот на ЈП Паркови и зеленило Скопје до Управниот одбор на ЈП Паркови и зеленило на седница одржана___.12.2025 го достави следниот:

# Финансиски план

# на ЈП Паркови и зеленило

# за 2026 год.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот: | **ЈП Паркови и зеленило - Скопје** |
| Седиште на субјектот: | **Булевар Илинден бр.104** |
| ЕДБ на субјектот: | **МК 4030992176467** |
| Идентификационен број: | **4528956** |

## ДЕЈНОСТ

Јавното претпријатие Паркови и зеленило - Скопје е основано од Градот Скопје и врши дејности од комуналната сфера од јавен интерес на територијата на Град Скопје. Во функција на дејноста заради кое е основано ЈП Паркови и зеленило го одржува, уредува и заштитува јавното градско зеленило на територија на Град Скопје, како и Спортско рекреативниот центар Сарај, Парк шумите Водно и Гази Баба. Врши подигање на нови зелени површини, а се со единствена цел за поздрава, позелена и почиста животна средина за граѓаните на Град Скопје.

ЈП Паркови и зеленило врши дејности согласно националната класификација на дејности и тоа:

**- 81.300 - Услужни дејности за уредување и одржување на животната средина**

**- 02.100 - Одгледување и заштита на шуми и останати дејности поврзани со шумарство.**

**Во функција на основната дејност врши и други дејности:**

**01.300 - одгледување на саден материјал**

**01.190 - одгледување на останати едногодишни насади и посеви.**

При извршувањето на дејностите од јавен интерес треба да се почитуваат следните

**Принципи:**

- Сигурност во давање на услугите;
- Континуитет и квалитет на услугите;
- Транспарентност и достапност на услугите;

Заради остварување на мисијата потребно е да се остварат следните

**Цели:**

- Унапредување на внатрешната организација
- Поврзување на техничките и човечките ресурси
- Зголемување на ефикасноста на работењето
- Намалување на трошоците
- Воспоставување на информациски врски
- Зголемување на продуктивноста
- Точно дефинирање на одговорностите и надлежностите
- Подобрување и зголемување на механоопремата со набавка на работни машини и опрема
- Солвентност на претпријатието
- Ликвидност на претпријатието
- Социјална сигурност.

Целите на претпријатието се остваруваат преку:

- Целосна имплементација на сите поставени задачи (во рамките на нашите можности) преку акциони планови на годишно, квартално и месечно ниво,
- Соработка со Градот Скопје и централната власт заради системски пристап во решавање на проблемите од нашата дејност,
- Едукација на менаџментот и вработените, како и следење на сите позитивни настани во блиската околина слични и поврзани со нашата дејност.

## ФИНАНСИСКИ ПЛАН

При изготвување на финансикиот план за 2026 година, дадени се планирани очекувани резултати до 31.12.2025 година, врз основа на кои се проектирани планираните резултати за 2026 година, како во поглед на поединечни приходи, така и во поглед на поединечните расходи.

Финансискиот план за 2026 година е проектиран врз следните претпоставки:

- Очекувана инфлација од 4%
- Предвидени инвестиции во 2026 год.
- Очекувани и предвидени субвенции во финансиски средства
- Очекувани финансиски средства од поврзани друштва - (Водовод и канализација)
- Очекувани финансиски средства од Град Скопје за подигање на нови зелени површини, одржување и реконструкција на постоечките и реализација на нашата програма.
- Очекувани финансиски средства по други основи.

Како резултат на наведените проекции се очекува за 2026 година планираните Вкупни Расходи и Приходи на јавното претпријатие да ги содржи следните позиции:

**Преглед на остварени очекувани расходи до крајот на 2025 год. и планирани расходи за 2026 год.**

| Ред.Бр | Вид на трошок | Очекувани расходи 01.01-31.12.2025 | Планирани расходи 01.01 - 31.12.2026 | ИНДЕКСИ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | |
| 1 | Потрошени суровини и материјали(хидрантска мрежа, поцинкуван и градежен мат.,санитарии, електро делови, земјоделски с-ва, железарија, браварија, садници и др) | 77.185.154,00 | 100.000.000,00 | 129 |
| 2 | Потрошен канцелариски материјал | 404.574,00 | 1.000.000,00 | 247 |
| 3 | Потрошена електрична енергија | 1.317.034,00 | 4.956.000,00 | 376 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4** | Потрошена топлинска енергија | 3.158.870,00 | 4.000.000,00 | 127 |
| **5** | Потрошено гориво и мазиво | 6.313.923,00 | 9.322.000,00 | 148 |
| **6** | Потрошени резервни делови (возен парк-камиони, леки коли и др.) | 1.392.012,00 | 9.322.000,00 | 670 |
| **7** | Потрошени резервни делови-косилици (сите видови косилици-тримери, машини со корпа, телескопски пили, дупчалки, дувалки и др.) | 1.774.381,00 | 9.322.000,00 | 525 |
| **8** | Отпис на ситен инвентар (водоводџиски, рачен градинарски, градежен алат и др.) | 295.312,00 | 574.778,00 | 195 |
| **9** | Отпис на ХТЗ опрема | 1.416,00 | 7.000.000,00 | 494 |
| **10** | Отпис на авто гуми (гуми за лесни и тешки возила и тревокосачки) | 252.283,00 | 2.478.000,00 | 982 |
| **11** | Трошоци за транспортни услуги | 1.800,00 | 30.000,00 | 666 |
| **12** | Трошоци за телефонски услуги | 1.494.582,00 | | / |
| **13** | Наем на опрема (тоалетни кабини за пунктови) | 40.606,00 | 300.000,00 | 739 |
| **14** | Трошоци за комунални услуги, вода и смет | 2.243.339,00 | 2.500.000,00 | 111 |
| **15** | Услуга за регистрација на возила | 149.774,00 | 500.000,00 | 339 |
| **16** | Услуга за печатење, фотокопии и укоричувања | / | 200.000,00 | / |
| **17** | Агенција за времени вработувања-сезонци | 77.331.536,00 | 30.000.000,00 | 39 |
| **18** | Услуга за утовар и превоз на шут | 4.697.238,00 | 9.322.000,00 | 198 |
| **19** | Занаетчиски услуги | 1.270.893,00 | 1.500.000,00 | 118 |
| **20** | Трошок за тековно одржување на софтвер | 289.312,00 | 400.000,00 | 138 |
| **21** | Трошоци за останати услуги (нотарски, адвокатски услуги, услуга за обезбеден персонал.водовод и др.услуги од водовод) | 10.655.631,00 | 12.000.000,00 | 113 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 22 | Систематски преглед | 621.500,00 | 900.000,00 | 149 |
| **22** | **ВКУПНО МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ** | **190.891.170,00** | **205.626.778,00** | **108** |
| **23** | **АМОРТИЗАЦИЈА** | **6.923.689,00** | **7.000.000,00** | **101** |
| 24 | Трошоци за Управен и Надзорен Одбор | 1.198.800,00 | 1.198.800,00 | **100** |
| 25 | Трошоци за спонзорство(донации и спонзорства синдикат) | / | 200.000,00 | / |
| 26 | Трошоци за репрезентација (цвеќе) | 1.150.711,00 | 1.000.000,00 | **87** |
| 27 | Премии за осигурување | 660.124,00 | 2.360.000,00 | **358** |
| 28 | Банкарски услуги | 343.526,00 | 400.000,00 | **116** |
| 29 | Даноци, придонеси и други давачки | 466.339,00 | 500.000,00 | **107** |
| 30 | Правни, адвокатски и нотарски услуги и превод | 1.275.813,00 | 1.300.000,00 | **102** |
| 31 | Услуга за ревизија | 584.100,00 | 584.100,00 | **100** |
| 32 | Трошоци за претплата на весници и огласи во биро за ЈН | 980.724,00 | 1.00.000,00 | **102** |
| 33 | Судски трошоци | 345.112,00 | 400.000,00 | **116** |
| 34 | Трошоци за авторски хонорари | 3.662.446,00 | 3.000.000,00 | **82** |
| 35 | Други трошоци-нематеријални | 528.348,00 | 500.000,00 | **95** |
| 36 | Вредн.усогласување на тековни средства (водовод тужби) | 53.184.331,00 | 55.000.000,00 | **103** |
| 37 | Неотпишана вредност на отуѓени средства без продажба (матер.с-ва) | / | 50.000,00 | / |
| 38 | Други казни и пенали | 68.580,00 | 120.000,00 | **175** |
| 39 | Услуги за вештачење | 70.800,00 | | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 40 | Дополнителни утврдени трошоци од минатата година и трошоци за присилна наплата | 1.335.481,00 | 1.500.000,00 | **112** |
| 41 | Расходи на финансирање-камати (камати од извршни, кам.од струја и сите камати од неповрзани субјекти) | 4.960.788,00 | 2.000.000,00 | **40** |
| **41** | **ВКУПНО НЕМАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ** | **70.816.023,00** | **71.112.900,00** | **100** |
| **42** | **БРУТО ПЛАТИ** | 475.634.384,00 | 450.000.000,00 | **95** |
| **43** | **Останати трошоци за вработените** (отпремнина за пензии, т-ци во случај на смрт на вработен, помош во случај на смрт на член од семејство, систематски преглед на вработени) | 676.788.00 | 1.000.000,00 | **148** |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **744.942.054,00** | **734.739.678,00** | **99** |

Напомена: Според обврска по колективен договор и одлука од 2022 год. за исплата за регрес за годишен одмор за 2022 и 2023 година не се исплатени во износ од (2022 година – 5.219.995,00 Мкд и 2023 година - 9.820.000,00 Мкд)

**Преглед на остварени очекувани приходи за 2025 год. и планирани приходи за 2026 год.**

| **Р.бр** | **Вкупен приход** | **Очекувани остварени приходи за 2025 год** | **Планирани приходи за 2026 год** | **Индекс** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Приходи од продажба на добра и услуги и други активности на поврзани друштва- Град Скопје | 212.157.358,00 | 255.000.000,00 | 120 |
| 2 | Приходи од продажба на добра и услуги на поврзани друштва-по друг основ(ЈП Водовод и канализација) | 307.461.758,00 | 365.000.000,00 | 119 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | Приходи од продажба на добра и извршени услуги во земјата | 1.600.000,00 | 2.000.000,00 | 125 |
| 4 | Приходи од наемнини | 2.850.811,00 | 2.860.000,00 | 100 |
| 5 | Приходи од наплатени утужени побарувања | 15.243.311,00 | 16.000.000,00 | 105 |
| 6 | Приходи од субвенции (поешкотии во работењето, јавни работи) | 150.000.000,00 | 95.000.000,00 | 63 |
| 8 | Останати приходи | 528.707,00 | 550.000,00 | 104 |
| 9 | Приходи по основ на камати и курсни разлики | / | \ | |
| | | | | |
| | **Вкупно приходи:** | **689.841.945,00** | **736.410.000,00** | **107** |

**Преглед на планирани вкупни приходи и вкупни расходи за 2026 година**

| Р.бр | ОПИС | ИЗНОС |
|---|---|---|
| 1 | Вкупен приход | **736.410.000,00** |
| 2 | Вкупен расход | **734.739.678,00** |
| | **БРУТО ДОБИВКА** | **1.670.322,00** |

Овој развоен финансиски план на ЈП Паркови и зеленило Скопје е изработен врз основа на сметководствени показатели и анализи на реално добиени финансиски средства од минатата година и очекувани остварени финансиски резултати од оваа година.

ЈП Паркови и зеленило за вршење на својата основна дејност во 2026 год. своето внимание го насочува кон предвидените финансиски средства, орудија за работа и механизација за одржување, унапредување и подигање на животната средина во граници на своите можности и расположливи капацитети, се со единствена цел да одговори на сите потреби и барања на Градот Скопје. Во кој обем ќе бидат остварени овие плански задачи, ќе зависи како и досега од висината на паричните средства со кои ЈП Паркови и зеленило ќе располага во 2026 година. Секако тука е и максималната ангажираност на целокупниот стручен кадар и потенцијал со кој располага ЈП Паркови и зеленило.

## I. <u>ПРИХОДИ</u>

**Вкупните приходи предвидени** за 2026 година во апсолутна бројка изнесува736.410.000,00 денари и се за 7% поголеми во однос на очекуваните остварени приходи во 2025 год. Ова се должи на планирани финансиски средства од Град Скопје со предвидениот Буџет за 2026 год. кои се однесуваат за хортикултурно уредување и одржување на веке постоечки подигнати зелени површини и обемот на подигање на нови зелени површини.

**Приходи од продажба на добра и услуги и други активности - Град Скопје** во износ од **255.000.000,00** се средства предвидени за ЈП Паркови и зеленило од страна на Буџетот на Град Скопје за 2026 година за реконструкција и одржување на постоечки зелени површини како и во Парк шума Водно.

**Приходите од учество на вложувања во поврзани друштва**, односно приходи од ЈП Водовод и канализација во износ од **365.000.000,00** ден. се планира да се зголемат за 19% во однос на очекуваните остварени приходи во 2025 г.

**Приходи од продажба на добра и извршени услуги во земјата** се поголеми за 1,2% во однос на очекуваните приходи од 2025 г.

**Приходот од наемнини** – планирани приходи од Цветен пазар не се очекува зголемување во однос на 2025 г. ( цветни тезги) .

**Приходи од наплатени утужени побарувања** се побарувања од страна на ЈП Водовод и канализација кои биле утужени во минатите години.

**Приходи по основ на Субвенции од Град Скопје** за ЈП паркови и зеленило за 2026 год. се предвидуваат 95.000.000,00 ден. за потешкотии во работењето.

## II. РАСХОДИ

**Вкупните расходи** за 2026 година кој во апсолутна бројка изнесуваат **734.739.678,00 ден.** предвидуваме да се намалат за 1% во однос на очекуваните остварени расходи во 2025 год.

1. **Вкупните материјалните трошоци** се планира да се зголемат за 8%, заради поголемениот обем на работа од една страна, а од друга страна, произлегуваат од зголемени финансиски средства за јавни набавки предвидени во 2026 год.

2. **Амортизацијата** во 2026 година се очекува да се зголеми за 1% во однос на 2025 год .

3. **Вкупните нематеријални трошоци** не се очекува зголемување во однос на 2025 год..

4. **Трошоците за вработени, односно** трошоците за плати и надомест од плати се очекува да се намалат за 5% во однос на 2025 год.

## III. Бруто добивка

Претпријатието очекува 2026 год. да ја заврши со бруто добивка од **1.670.322,00** ден. која би ја искористила во набавка на нова техничка опрема и средства за работа.

| Изработил: | Контролирал: | ЈП ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО |
|---|---|---|
| Сашка Петрушева | Елена Јованов | NP PARQE DHE GJELBËRIME |
| | | Директор/Drejtor, |
| | | Jeton Buqi |